Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 04-4863/2
06. 12. 2019 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Министерството за информатичко општество и администрација на Република Македонија објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ -02/2019
за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за информатичко општество и администрација

Министерството за информатичко општество и администрација објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

1. **Раководител на сектор за развој и промоција на информатичко општество, со звање раководител на сектор и и шифра на работно место УПР0101Б02000 – 1 извршител**

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Информатика, Компјутерска техника и информатика, телекомуникационо ижинерство
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- положен испит за административно управување

Распоред на работно време:

- работни часови во неделата: 40,


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

- работно време од понеделник до петок пристигнување од 07:30 до 08:30 заминување од 15:30 до 16:30 часот

Паричниот износ на основната нето плата 37.631.00 денари.

Кандидатите за унапредување треба да ги исполнуваат општи услови и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за информатичко општество и администрација, како и :

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

Право на учество имаат сите административни службеници вработени во Министерството за информатичко општество и администрација кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве доказите:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Министерството за информатичко општество и администрација како и до службената електронска адреса на одделението за управување со човечки ресурси односно на следната електронска пошта : covecki_resursi@mioa.gov.mk

**НАПОМЕНА :** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од натамошна постапка.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

Adem Avziu


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk